Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македониј на седницата одржана на ___________ донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА БРУЦЕЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Бруцелозата во Република Северна Македонија, како и во голем број други земји во Европа и во светот, по воведувањето на вакцинацијата кај овците и козите, не претставува значаен јавно здравствен проблем.Вектор преносливите заболувања кои во добар дел се преклопуваат со зоонозите, стануваат се поактуелни и ја менуваат сликата на оптоварувањето со заразни болести. Климатските промени во голема мера влијаат на дистрибуцијата и активноста на векторите. Многу од овие болести се веќе присутни во Република Северна Македонија, а други како што се маларија, денга, чикунгуња и многу други потенцијално може да се внесат во државата. Некои од нив се регистрираат во ендемска форма, но не ретко се појавуваат и во епидемиска форма.

Поради своите епидемиолошки карактеристики, јавување во епидемиска форма, оштетување на здравјето на луѓето кое може да доведе до инвалидитет, како и задолжителна хоспитализација и долго лекување со можност за рецидиви и реинфекции, бруцелозата претставува не само медицински туку и социо - економски проблем.

Епидемиолошката дејност во Република Северна Македонија се спроведува врз основа на Законот за јавно здравје, Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на населението од заразни болести, како и врз основа на Програмата на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година.

Согласно наведената законска регулатива, програмите на Владата на Република Северна Македонија согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и на Министерството за здравство, Стратегијата за здравство на Република Северна Македонија 2021 до 2030 година на Република Северна Македонија, како и препораките на глобалната политика „Здравје за сите”, во идниот период ќе се спроведува засилена контрола на актуелните заразни болести (зоонози и вектор преносливи заболувања), во чиј состав влегува бруцелозата, што се од значење за здравјето на населението за да се намалат на негативните ефекти кои овие заболувања ги имаат на здравствената состојба на населението.

## II. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

**Постигнати резултати**

Бруцелозата кај луѓето во Република Северна Македонија, во епидемиска форма за прв пат беше регистрирана во 1980 година, кога скоро сите заболени беа од подрачјето на општина Битола (вкупно пријавени 102 заболени), исто како и наредната, 1981 година, кога беа регистрирани 122 заболени лица.

За намалувањето на бројот на заболени лица од бруцелоза голем придонес има воведувањето на вакцинација на животните против бруцелоза, со која се започна во 2008

година, од кога се бележи тренд на нагло опаѓање на морбидитетот и бројот на заболени луѓе од ова заболување.

**Обезбедување на потребни институционални ресурси**

Превенцијата и контролата на заразните болести е комплексен јавно-здравствен проблем, врз кој влијаат повеќе фактори: социо-економски, фактори на околината и здравствениот систем во целина. Имајќи ги во предвид овие факти, потребно е проширување и зајакнување на системот со подобрување на мулти-дисциплинарниот пристап и соработка во контролата на заразните болести.

Од особена важност е континуираната едукација на здравствениот кадар од ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија (ЈЗУ ИЈЗ на РСМ)/ ЈЗУ Центри за јавно здравје (ЈЗУ ЦЈЗ) и здравствениот кадар воопшто, во однос на превенцијата и контрола на заразните болести, како и во однос на современите достигнувања во областа на епидемиологијата согласно новите законски решенија, како и препораките на референтни институции.

Посебно значајно е навремено да се обнови и зајакне кадровската структура во епидемиолошките служби при центрите за јавно здравје и превентивните тимови во здравствените домови, со цел да се обезбеди континуитет во рутинската работа, но воедно и да се спречат последици кои може да произлезат поради недостаток на едуциран здравствен персонал на сите нивоа (централно, регионално, локално ниво).

Неопходно е да се обезбедат просторни, материјални и човечки ресурси кои ќе овозможат брз и ефикасен одговор кон заканите од заразните заболувања во било кое време, што воедно е обврска согласно обврските од Меѓународниот здравствен правилник 2005.

Потребно е да се подобри состојбата со воведување на сеопфатен интегриран информациски систем кој ќе овозможи навремено детектирање и следење на заразните болести и редовната вакцинација преку поврзување на матичните доктори, болниците и превентивните служби при здравствените домови со центрите за јавно здравје и ЈЗУ Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, со цел да се обезбеди брз, ефикасен и навремен проток на информации во врска со заразните болести и задолжителната вакцинација. На тој начин ќе се овозможи брзо и ефикасно спроведување на соодветни мерки за спречување на појавата, ширење и сузбивање на заразните болести, како и појава на епидемии.

## III. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Притоа, основни цели на оваа програма се:

1. Намалување на инциденцата на бруцелоза кај луѓето.
2. Спречување на појава на компликации, хронични форми и инвалидитет.
3. Спречување на појава на рецидиви.
4. Намалување на стапката на смртност.
5. Микробиолошка потврда на секој сомнителен случај.
6. Континуирана медицинска едукација, обновување на знаењата на здравствените и ветеринарните работници.
7. Информираност и здравствена едукација на општата популација и на професионално експонираните лица, со цел превенција на бруцелоза и
8. Изготвување на национална студија за состојбата со ехинококоза, бруцелоза и туларемија, трихинелоза, лајсманоза, лајм борелиоза во Република Северна Македонија.

Овие цели, во 2025 година ќе се остваруваат преку следните активности:

- спроведување на мерките и активностите за спречување на појавата, понатамошно ширење на бруцелозата и нејзино сузбивање на територија на целата република, особено во критичните региони;
- епидемиолошко следење и испитувања за рано откривање на изворите, патиштата и начинот на пренесување на заразата;
- рано и активно откривање на заболените лица, нивно пријавување до надлежните институции, анкетирање, информација и едукација;
- рано и адекватно лекување на заболените;
- задолжително лабораториско докажување на бруцелозата;
- континуирана медицинска едукација на здравствените работници и
- ннформирање и здравствено едукативна дејност.

## IV. УСПЕШНОСТА НА ПРОГРАМАТА ЌЕ СЕ ОЦЕНУВА ПРЕКУ ОСНОВНИТЕ ИНДИКАТОРИ НА ИСХОД:

1. Инциденца на бруцелоза,
2. Појава на рецидиви и реинфекции,
3. Информираност на населението, здравствените и ветеринарните работници и
4. Изготвена национална студија.

## V. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

**Мерка 1. Предавања, семинари, работилници, едукативни разговори**

За остварување на целите утврдени со оваа програма, во 2025 година ќе се спроведуваат следните мерки и активности:

1. Изготвување на 10 работни оперативни планови на регионално ниво, од страна на центрите за јавно здравје со активностите за спречување и сузбивање на бруцелозата во 2025 година на територијата на подрачјето кое го покриваат, врз основа на епидемиолошката состојба на таа територија и истите се доставуваат до Министерство за здравство (МЗ) и ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.

***Извршители:*** ЈЗУ ЦЈЗ
***Индикатор:*** Број на изготвени и доставени оперативни планови до ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и Министертвото за здравство.
***Рок на извршување:*** 15 февруари 2025 година

2. Организирање на 6 регионални семинари на тема бруцелоза – епидемиолошка и епизоотолошка состојба при ЈЗУ ЦЈЗ и епидемиолошката дејност, на кои здравствените работници од републиката (епидемиолози, инфектолози, микробиолози, матични доктори, претставници од Државен санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ) и претставници од ветеринарната медицина) на регионално ниво ќе се запознаат со рашireноста на бруцелозата во Република Северна Македонија, со епизоотолошката и епидемиолошката состојба, со клиничката слика, дијагностиката и другите карактеристики на бруцелозата, како и со мерките и активностите кои треба да се спроведуваат за нејзино сузбивање.

ЈЗУ ИЈЗ на Република Северна Македонија во соработка со Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика и Агенција за храна и ветеринарство (АХВ)

подготвува и доставува деталeн план (датум, место на одржување, планирани здравствени институции - учесници) за 6-те семинари, агенда со теми планирани и листа на предавачи до Министертвото за здравство. Надлежните ЈЗУ Центри за јавно здравје/ Подрачни единици (ПЕ) на чија територија ќе се одржуваат овие семинари, во соработка со ветеринарната дејност се должни да обезбедат простор и слушатели од сите горенаведени професии.

***Извршители***:

Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје - Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика.
***Индикатор:*** Доставен план, квартален извештај (број на учесници, датум, место) за организирани регионални семинари.
***Рок на извршување:*** континуирано во текот на 2025 година.

3. Секој ЈЗУ Центар за јавно здравје на својата подрачје организира по 5 предавања за население во рурални средини како и за ризични групи на работници со цел запознавање на населението со оваа болест, начините на превенција и опасностите.

***Извршители***: ЈЗУ Центар за јавно здравје
***Индикатор:*** Доставен план, квартален извештај (број на учесници, датум, место) за организирани предавања.
***Рок на извршување:*** континуирано во текот на 2025 година.

4. Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје - Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика ќе одржи 2 предавања од областа на интервентна теренска епидемиологија со цел јакнење на капацитетите на епидемиолошките служби.

***Извршители:*** Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје - Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика .
***Индикатор:*** Број на одржани предвања, број на слушатели.
***Рок на извршување:*** континуирано во текот на 2025 година.

**Мерка 2. Превентивни активности**

5. Координација на ЈЗУ ИЈЗ со АХВ – Квартално, бруцелоза кај добиток или докажување на причинителот во животински продукти, АХВ го известува ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, кој ја препраќа информацијата до надлежниот центар за јавно здравје/ПЕ. За секој пријавен заболен човек од бруцелоза, ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија го известува АХВ преку доставување на пријава за заразна болест и епидемиолошка анкета.

***Извршители***: ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, Агенција за храна и ветеринарство, ЈЗУ Центри за јавно здравје/Подрачни единици
***Индикатор:*** Број на анализирани квартални извештаи за заболени животни и број на доставени пријави за заразна болест и епидемиолошки анкети
***Рок на извршување:*** континуирано во текот на 2025 година.

**Мерка 3. Следење и надзор над бруцелоза**

6. Активен епидемиолошки надзор на терен преку епидемиолошко истражување за секој откриен случај на бруцелоза кај луѓето или добиен податок за заболен добиток на одредена територија (од АХВ) како и за рано откривање и дијагноза, евидентирање, пријавување и анкетирање на сите сомнителни и дијагностицирани случаи со цел да се откријат сите заболени лица во таа населба и навреме да се подложат на медицински третман. ЈЗУ ЦЈЗ/ПЕ зема материјали за серолошка дијагностика и изготвува информации.

***Извршители***:ЈЗУ ЦЈЗ /ПЕ, во соработка со ветеринарната инспекција.
***Индикатор:*** Епидемиолошки надзор на терен и истражување.
***Рок на извршување:*** Квартално во текот на 2025 година.

7. Секој случај на заболување од бруцелоза (акутна, рецидивантна и реинфекција) се пријавува задолжително до епидемиолошката служба на територијата каде е регистрирана болеста. Епидемиолошките служби при ЈЗУ ЦЈЗ/ПЕ ги обработуваат и евидентираат пријавите и за секој случај го известуваат ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија. ЈЗУ ЦЈЗ/ПЕ изработуваат епидемиолошка анкета за секој заболен и заедно со пријавата ги доставуваат до ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија. Тука се врши внесување во дата база, обработка и анализа на пријавите и епидемиолошките анкети на заболените, врз база на што се изработуваат извештаи.

***Извршители:*** ЈЗУ Центри за јавно здравје/Подрачни единици.
***Индикатор:*** Број на доставени и обработени пријави/анкети за заболени од бруцелоза.
***Рок на извршување:*** Квартално во текот на 2025 година.

8. Внесување во дата база, обработка и анализа на пријавите и епидемиолошките анкети на заболените, врз база на што се изработуваат извештаи.

***Извршители:*** ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
***Индикатор:*** Национална дата база на случаи на бруцелоза.
***Рок на извршување:*** Континуирано во текот на 2025 година.

9. Во случај на зголемен број на заболени или појава на епидемија на бруцелоза, ЈЗУ Центрите за јавно здравје ќе прават епидемиолошки увиди за следење на состојбата на теренот во соработка со ЈЗУ Институт за јавно здравје на Републикан Северна Македонија и ќе предлагаат мерки за спречување на понатамошно ширење/сузбивање на епидемијата кои ги доставуваат до Државен санитарен и здравствен инспекторат. За тоа ќе изработуваат информации со предлог мерки и ќе ги доставуваат до Министерство за здравство. Агенција за храна и ветеринарство ќе направи увид во епизоотолошката состојба во подрачјето и ќе го извести ЈЗУ Институт за јавно здрвање на Република Северна Македонија за најдената состојба.

***Извршители***: ЈЗУ Центри ја јавно здравје/ПЕ во соработка со ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство.
***Индикатор:*** Број на теренски увиди и доставени информации при епидемии.
***Рок на извршување:*** Континуирано во текот на 2025 година.

**Мерка 4. Микробиолошко - лабораториска дијагностика**

10. Микробиолошко - лабораториска дијагностика на бруцелозата кај луѓето ќе се врши во лабораториите на Центрите за јавно здравје за територијата за која се основани и

во лабораториите на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, со користење на следните микробиолошки испитувања: *тест за бруцелоза* (210) и *БАБ тест* (270). Во вкупниот број тестирања, ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе учествува со 40 анализи на *БАБ* тест и 40 анализи *тест за бруцелоза.*

***Извршители***: Микробиолошките лаборатории при ЈЗУ Центри за јавно здравје/ПЕ и ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.
***Индикатор:*** Извештај за број на направени тестови *(тест за бруцелоза*, *БАБ* тест*)*.
***Рок на извршување:*** квартално, до 15 ден по завршување на кварталот во текот на 2025 година.

**Мерка 5. Извештаи за спроведени програмски активности**

11. За својата работа и спроведените активности, ЈЗУ Центрите за јавно здравје/ПЕ изготвуваат тромесечни табеларни извештаи за состојбата со бруцелоза на нивното подрачје и преземените мерки и активности. Извештаите ги доставуваат до ЈЗУ Институ за јавно здравје на Република Северна Македонија.

***Извршители***: ЈЗУ Центар за јавно здравје.

***Индикатор:*** Број на тромесечни извештаи.
***Рок на извршување:*** квартално, до 15 ден по завршување на кварталот во текот на 2025 година.

12. ЈЗУ ИЈЗ изготвува збирни тромесечни табеларни извештаи за состојбата со бруцелоза на ниво на Центар за јавно здравје и за работата на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија. Извештаите ги доставуваат до Министертсвото за здравство.

***Извршители***: ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.

***Индикатор:*** Број на тромесечни извештаи.
***Рок на извршување:*** квартално, до 15 ден по завршување на кварталот во текот на 2025 година.

13. Епидемиолошката служба при ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, по обработка на индивидуалните пријави за бруцелоза, епидемиолошките анкети и теренските увиди, изготвува Годишен извештај за бруцелоза. Годишниот извештај, ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонијаго доставува до Министертвото за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат и Агенцијата за храна и ветеринарство. ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија изработува и квартални извештаи за остварените активности во текот на годината од страна на ЈЗУ ЦЈЗ/ПЕ, како и за остварените активности од страна на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, согласно Програмата за бруцелоза и ги доставува до Министерството за здравство после истекот на тромесечјето.

***Извршители:*** ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија**.**
***Индикатор:*** Број на изготвени информации, изработен Годишен Извештај со епидемиолошки коментар и број на квартални извештаи (табеларен приказ) на

спроведените активности по ЈЗУ Центар за јавно здравје/ПЕ и за ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија .
***Рок на извршување:*** квартални извештаи до 15 ден по истекот на кварталот, годишен извештај до 15.03.2026 година.

14. ЈЗУ Институтот за јавно здравје на Република Севрна Македонија (ЈЗУ ИЈЗ) ќе дава стручно-методолошка помош од областа на следење и надзор над состојбата со бруцелоза преку теренски увиди – во секој ЈЗУ ЦЈЗ (10), односно во оние региони каде се регистрирани поголем број на заболени лица или епидемии на бруцелоза и преку други средства за комуникација со ЈЗУ ЦЈЗ/ПЕ и други здравствени установи (web интернет страна, електронска пошта), како и информирање за состојбите со ова заболување кај нас и во светот, за што ќе бидат изработени различни информации, упатства и стручни мислења.

***Извршители***: ЈЗУ Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија
***Индикатор:*** Број на увиди, изработени информации, препораки, упатства и стручни мислења.
***Рок на извршување:*** континуирано во текот на 2025 година

15. Изготвување на национална студија за состојбата со епидемии од вектор преносливи заболувања, Западнонилска треска и хеморагична треска во Република Северна Македонија.

***Извршители:*** Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје - Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика.
***Индикатор:*** Изработени три Национални студии
***Рок на извршување:*** трет квартал од 2025 година

**Табела број 1 :Приказ по обем и вид на активности по извршители**

| **ЈЗУЦЈЗ извршители** | **анкети** | **надзори** | **БАБ тест** | **Тест за бруцелоза** | **ПЦР тест** | **Вк.број предавања во** | **Регионални семинари** | **Стручно методолошка помош** | **Интервентна епидемиологија** | **Национални студии** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈЗУ ЦЈЗ Штип | 17 | 20 | 30 | 30 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗСкопје | 22 | 20 | 30 | 10 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗВелес | 17 | 10 | 20 | 20 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗПрилеп | 17 | 10 | 20 | 20 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗТетово | 7 | 20 | 20 | 30 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗСтрумица | 17 | 10 | 20 | 10 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗКуманово | 17 | 10 | 20 | 10 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗБитола | 17 | 20 | 30 | 30 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗОхрид | 8 | 10 | 20 | 10 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ЦЈЗКочани | 7 | 10 | 20 | 10 | 0 | 5 | / | / | / | / |
| ЈЗУ ИЈЗ на РСМ | 0 | 0 | 40 | 40 | 12 | 0 | 3 | 10 | / | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика. Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје | / | / | / | / | / | / | 3 | / | 2 | 3 |
| **Вкупно** | **146** | **140** | **270** | **210** | **12** | **50** | **6** | **10** | **2** | **3** |

**VI.ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Согласно предвидените активности, во извршувањето на оваа програма, ќе бидат вклучени следните институции:
-ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија,
- 10-те центри за јавно здравје и
- Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје - Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Универзитет „Св. Кирил и Методиј.

**VII.ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ**

Здравствените установи кои се извршители на активностите предвидени во оваа програма доставуваат тромесечни и годишни извештаи за спроведените активности до Министерство за здравство.

10-те Центри за јавно здравје и нивните подрачни единици, треба да подготват и да достават четири тромесечни и еден годишен извештај за состојбата со бруцелоза на нивното подрачје и преземените мерки и активности за нејзино спречување и сузбивање до ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, во точно определени рокови.

10-те Центри за јавно здравје доставуваат тромесечни извештаи до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија во рок од седум дена по истекот на тромесечјето.

Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика потребно е да ги доставува фактурите и извештајот за спроведената активност по извршување на истата.

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија подготвува и доставува квартални/тромесечни извештаи до Министерството за здравство во рок од десет дена по завршувањето на кварталот.

10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје годишниот извештај за реализација на активностите од оваа програма го доставуваат до ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија најдоцна до 15 јануари 2025 година. ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните мерки и активности, предвидени со оваа програма најдоцна до 25 јануари 2025 година.

**VIII. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

За реализација на програмските активности за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за 2025 година, потребни се следните средства:

| Број | Назив | Извршители | Количина (вкупно) | Единечна цена | Вкупно износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Епидемиолошки анкети | 10-те ЈЗУ ЦЈЗ | 146 | 100,00 | 14.600,00 |
| 2. | Епидемиолошки надзор на терен и истражување | 10-те ЈЗУ ЦЈЗ | 140 | 500,00 | 70.000,00 |
| 3. | БАБ тест | ЈЗУ ЦЈЗ и ЈЗУ ИЈЗ | 270 | 220,00 | 59.400,00 |
| 4. | Тест за бруцелоза | 10-те ЈЗУ ЦЈЗ и ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 210 | 900,00 | 189.000,00 |
| 5. | ПЦР тест | ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 12 | 3.500,00 | 42.000,00 |
| 6. | Предавања за население во рурални средини и експонирани работници | 10-те ЈЗУ ЦЈЗ | 50 | 1.500,00 | 75.000,00 |
| 7. | Семинари едукативни | ЈЗУ Институту за јавно здравје на Република Северна Македонија и Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје | 6 | 25.000,00 | 150.000,00 |
| 8. | Стручно методолошка помош | ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 10 | 5.000,00 | 50.000,00 |
| 9. | Специфична едукација по интервентна епидемиологија | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје | 2 | 25.000,00 | 50.000,00 |
| 10. | Национална студија за состојбата со епидемии од вектор преносливи заболувања, Западнонилска треска и хеморагична треска во | Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје | 3 | 100.000,00 | 300.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Република Северна Македонија | | | | |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | | **1.000.000,00** |

Исплатата на средствата по оваа програма ќе се врши квартално од страна на Министерството за здравство, врз основа на доставените фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма и согласно работниот план.

Фактурирањето ќе се врши по утврдени цени на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и одобрени програмски цени.

Фактурирањето ќе се врши по утврдените програмски цени, на стандарден образец за фактура, објавен на интернет страницата на Министерството за здравство со извештај во прилог.

Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за здравство и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

Реализацијата на програмските активности на регионално и локално ниво ја спроведуваат ЈЗУ Центрите за јавно здравје заедно со ЈЗУ ИЈЗ на Република Северна Македонија и Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика.

Оваа програма ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во висина од 1.000.000,00 денари.

**IX**. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈ**

**Бр.____________**
**________2025 година**
**Скопје**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**